Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише договор со Здружението на граѓани за подготовка и организирање на меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов-Сокол.

**Член 5**

Се задолжува барателот Здружение на граѓани за подготовка и организирање на меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов-Сокол до Советот на Општина Карпош и до Одделението за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6094/51**
**Датум: 27.08.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање приоритет за искористување на ГРАНТ средства од Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) за набавка на комунални возила и друга комунална опрема за потребите на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за давање приоритет за искористување на ГРАНТ средства од Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) за набавка на комунални возила и друга комунална опрема за потребите на Општина Карпош, донесена на дваесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 август 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6259/49**
**Датум: 29.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на дваесет и шестата седница, одржана на 27 август 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање приоритет за искористување на ГРАНТ средства од Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) за набавка на комунални возила и друга комунална опрема за потребите на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава приоритет за искорување на ГРАНТ од Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) средства за набавка на комунални возила и друга комунална опрема за потребите на Општина Карпош со предвидена вредност од 4.753.335,00 и тоа:

- 2 цистерни
- 1 кипер со додатна опрема: Плуг за чистење на снег и распрскувач на сол
- 1 рачен всмукувач за лисја и поситен комунален отпад

**Член 2**

Средствата за набавка на комуналната опрема дефинирана во член 1 од оваа одлука, во висина од 10% од искористениот грант, ќе бидат доделени на општина Карпош како грант за успешност врз основа на реализиран под-проект финансиран со задолжување во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги кој се имплементира преку Министерството за финансии а

за кој средства се обезбедени од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка. Останатите средства ќе бидат финансирани од Буџет на Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влеува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Слежбен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6094/52**
**Датум: 27.08.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини на територијата на Општина Карпош, донесена на дваесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 август 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6259/50**
**Датум: 29.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, член 62, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09), а во врска со Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје (Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Сарај, Шуто Оризари) за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини број 27-5795/1 од 11 Јуни 2019 година, донесена на триесет и петтата седница на Советот на Град Скопје, Советот на Општина Карпош, дваесет и шестата седница, одржана на 27 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини на територијата на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Карпош и Град Скопје воспоставуваат меѓуопштинска соработка за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини на територијата на Општина Карпош и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради

остварување на заедничка цел и интерес за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини во надлежност на Општина Карпош.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка се слкучува врз основа на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје (Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Сарај, Шуто Оризари) број 27-5795/1 од 11 Јуни 2019 година донесена на триесет и петтата седница на Советот на Град Скопје.

**Член 3**

Градот Скопје во остварувањето на соработката ќе учествува со реконструкција и хортикултурно уредување на постоечките зелени парковски површини и садење на нови садници и цвеќе на територијата на Општина Карпош со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје-подпрограма ЈМО 482930 во период 2019-2020 година во вредност од 10.000.000,00 денари.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со градоначалникот на Општина Карпош во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 5**

Градот Скопје ќе ја спроведе оваа активност преку ЈП Паркови и Зеленило Скопје.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6094/53**
**Датум: 27.08.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција на дел од улица „Загребска“ и за изградба на улица „Новопроектирана улица 4а“ Криви Дол**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција на дел од улица „Загребска“ и за изградба на улица „Новопроектирана улица 4а“ Криви Дол, донесена на дваесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 август 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6259/51**
**Датум: 29.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, член 62 а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09), Советот на Општина Карпош, на дваесет и шестата седница, одржана на 27 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција на дел од улица „Загребска“ и за изградба на улица „Новопроектирана улица 4а“ Криви Дол**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество за

- реконструкција на дел од улица „Загребска“ која се протега на територија на Општина Карпош во опфат од скалите за поврзување со улица „Леринска“ (почеток на коловозот од коцката) до влезот на детската болница „Козле“ (завршеток на коловозот со коцката). Реконструкцијата е со должина L=206.00 $м^1$ и површина од 1600 $м^2$. Со реконструкцијата на улицата ќе биде опфатен и постоечкиот потпорен ѕид, истиот ќе биде стабилизиран со изградба на нов армирано бетонски потпорен ѕид со $H_{CP}$=2.0м во должина од L=55м и
- изградба на улица „Новопроектирана улица 4а“ Криви Дол (покрај Вардар) во опфат од ул.„Скупи 3А“ (раскрсница) до насипот на булевар „8ми Септември“ со должина L=380.00 $м^1$ и површина од 2280 $м^2$.

**Член 2**

Град Скопје во остварувањето на соработката ќе учествува со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2019 година во износ од 8.000.000,00 денари кои можат да се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа одлука и во согласност со прописите со кои се уредува градба на таков тип објекти.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Карпош и Градоначалникот на Град Скопје ќе склучат договор во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6094/54**
**Датум: 27.08.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за прифаќање на донација**
**од Цементарница УСЈЕ АД скопје**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од Цементарница УСЈЕ АД Скопје, донесена на дваесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 август 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

| | |
|---|---|
| **Број: 11-6259/52** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **Датум: 29.08.2019 година** | **НА ОПШТИНА КАРПОШ,** |
| **Скопје** | **Стефан Богоев, с.р.** |

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Карпош, на дваесет и шестата седница, одржана на 27 август 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација од Цементарница УСЈЕ АД скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа донацијата од Цементарница УСЈЕ АД Скопје - давател на донација, во смисла на доброволна и безусловна помош во добра дефинирани во член 3 од оваа одлука

**Член 2**

Донација не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Со оваа донација Општина Карпош ќе добие материјал, рабници за санација, реконструкција на сообраќајница во населбата Криви Дол.
Цементарница УСЈЕ АД Скопје ќе изврши донација на бетонски рабници со вкупна должина од 800м во вкупна вредност од 320.000.00 денари.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6094/55**
**Датум: 27.08.2019 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок по Заклучок по Предлог-Одлука за определување на финансиска помош за санација на дел од опожарен стан на Војо Ѓорѓевиќ**

1. Се објавува Заклучокот по Заклучокот по Предлог-Одлуката за определување на финансиска помош за санација на дел од опожарен стан на Војо Ѓорѓевиќ, донесен на дваесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 август 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6259/53**
**Датум: 29.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), глава II Проектни активности, дел „Парична помош за новороденчиња, лица/семејства во социјален ризик за потешко лекување и елементарни непогоди“, точка 12. Парична помош за лица/семејства во социјален ризик од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2018), а во врска со Барањето финансиска помош за санација на дел од опожарен стан бр.54-4573/1 од 05.06.2019 година и Заклучок по Предлог-Одлука за определување на финансиска помош за санација на дел од опожарен стан на Војо Ѓорѓевиќ бр.09-5055/39 од 04.07.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.12/2019), Советот на Општина Карпош, на дваесет и шестата седница, одржана на 27 август 2019 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**по Заклучок по Предлог-Одлука за определување на финансиска помош за санација на дел од опожарен стан на Војо Ѓорѓевиќ**

1. Со Заклучок по Предлог-Одлука за определување на финансиска помош за санација на дел од опожарен стан на Војо Ѓорѓевиќ Советот на Општина Карпош го задолжи Секторот за дејности од јавен интерес – Одделение за детска, социјална и здравствена заштита да направи дополнителна проверка на правните документи и правната процедура во однос на Барањето за финансика помош како дел од средствата за санација на опожарен стан на улица „Вич“ бр.24/1-65 У.З.Карпош 4, доставено од Војо Ѓорѓевиќ, бр.54-4573/1 од 05.06.2019 година.
2. Врз основа на задолженито од точка 1 од овој Заклучок, Секторот за дејности од јавен интерес до Советот на Општина Карпош достави известување бр.09-4573/4 од 20.08.2019 година со кое го известува Советот дека во врска со барањето за еднократна парична помош по предметот со број 54-4573/1 од 05.06.2019 година постапката за одобрување парични средства СЕ ПРЕКИНУВА, од причина што во текот на постапката за одобрување на финансиски средства за опожарениот дом, лицето – барателот Војо Ѓорѓевиќ починал.
3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6094/56**
**Датум: 27.08.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за определување на финансиска помош на семејството на починатата Каролина Трифуновска**

1. Се објавува Одлуката за определување на финансиска помош на семејството на починатата Карполина Трифуновска, донесена на дваесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 август 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6259/54**
**Датум: 29.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), Советот на Општина Карпош, на дваесет и шестата седница, одржана на 26 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на финансиска помош на семејството на починатата Каролина Трифуновска**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето за финансика помош на семејството на починатата Каролина Трифуновска, доставено од сопругот Мице Трифуновски, бр.09-6095/1 од 20.08.2019 година.

**Член 2**

За

реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ две просечни нето плати по вработен, исплатени за месец јуни 2019 година во Република Северна Македонија (25.205,00 денари), или во вкупен износ 50.410,00 денари, кои ќе се исплатат еднократно и се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиската поддршка Мице Трифуновски имаат обврска да потпишат Договор.

**Член 4**

Барателот Мице Трифуновски се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на овој Договор да ги користи наменски.

**Член 5**

Барателот е должен до општината да достави детален финансиски извештај, со спецификација за вкупните трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури со сметкопотврди и/или фискални сметки со сметко потврди и/или завршни ситуации и други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финанаиска помош.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6094/57**
**Датум: 27.08.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Вукашин Мојсовски**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Вукашин Мојсовски, донесена на дваесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 август 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6259/55** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум: 29.08.2019 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), Советот на Општина Карпош, на дваесет и шестата седница, одржана на 27 август 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа на Вукашин Мојсовски**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува барањето за финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа, бр.09-5960/1 од 13.08.2019 година, доставено од Вукашин Мојсовски, ул.„14“, бр.23, населба Бардовци, во висина од 300,000,00 денари.

**Член 2**

Со оваа Одлука се одобрува барањето за финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа, бр.09-5960/1 од 13.08.2019 година, доставено од Вукашин Мојсовски, ул.„14“, бр.23, населба Бардовци, по предходно утврдена причина за настанувањето на пожарот.

**Член 3**

Средствата од член 1 и член 2 во вкупен износ од 300,000,00 денари да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе решение за исплата на средствата од Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6094/58**
**Датум: 27.08.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за воведување продолжен престој за учениците од четврто одделение во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за воведување продолжен престој за учениците од четврто одделение во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, донесена на дваесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 август 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6259/56**
**Датум: 29.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 40, став 5 и став 7 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019), Советот на Општина Карпош, на дваесет и шестата седница, одржана на 27 август 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воведување продолжен престој за учениците од четврто одделение во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за обезбедување финансиски средства за ангажирање одделенски наставници за реализирање на настава во продолжен престој за ученици од 4 одделение во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, кои во предходните учебни години следеле настава во продолжен престој.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2019 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6094/59**
**Датум: 27.08.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работтата на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје, за 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,

2. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работтата на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје, за 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
3. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работтата на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје, за 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
4. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работтата на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана младост“, Општина Карпош-Скопје, за 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
5. Заклучок за  усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Мајски цвет“, Општина Карпош - Скопје за 2019/2020 година, со Заклучок за објавување,
6. Заклучок за  усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје за 2019/2020 година, со Заклучок за објавување,
7. Заклучок за  усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје за 2019/2020 година, со Заклучок за објавување,
8. Заклучок за  усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје за 2019/2020 година, со Заклучок за објавување,
9. Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување,
10. Заклучок за  усвојување на Годишниот извештај по реализирани ученички екскурзии на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со Заклучок за објавување,
11. Заклучок за  усвојување на Годишниот извештај по реализирани ученички екскурзии на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со Заклучок за објавување,
12. Заклучок за  усвојување на Годишниот извештај по реализирани ученички екскурзии на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со Заклучок за објавување,

13. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај по реализирани ученички екскурзии на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со Заклучок за објавување,
14. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај по реализирани ученички екскурзии на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со Заклучок за објавување,
15. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај по реализирани ученички екскурзии на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со Заклучок за објавување,
16. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај по реализирани ученички екскурзии на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со Заклучок за објавување,
17. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај по реализирани ученички екскурзии на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со Заклучок за објавување,
18. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај по реализирани ученички екскурзии на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со Заклучок за објавување,
19. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај по реализирани ученички екскурзии на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со Заклучок за објавување,
20. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“ со дополнителен извештај со споредбени анализи за учебните 2016/2017; 2017/2018 и 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
21. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со дополнителен извештај со споредбени анализи за учебните 2016/2017; 2017/2018 и 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
22. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со дополнителен извештај со споредбени анализи за учебните 2016/2017; 2017/2018 и 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
23. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со

дополнителен извештај со споредбени анализи за учебните 2016/2017; 2017/2018 и 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,

24. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со дополнителен извештај со споредбени анализи за учебните 2016/2017; 2017/2018 и 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
25. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со дополнителен извештај со споредбени анализи за учебните 2016/2017; 2017/2018 и 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
26. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со дополнителен извештај со споредбени анализи за учебните 2016/2017; 2017/2018 и 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
27. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со дополнителен извештај со споредбени анализи за учебните 2016/2017; 2017/2018 и 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
28. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година“, со дополнителен извештај со споредбени анализи за учебните 2016/2017; 2017/2018 и 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
29. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош-Скопје за учебната 2018/2019година“, со дополнителен извештај со споредбени анализи за учебните 2016/2017; 2017/2018 и 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
30. Решение за изменување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје (разрешување членови согласно закон), со Заклучок за објавување,
31. Решение за изменување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје (разрешување членови согласно закон), со Заклучок за објавување,
32. Решение за изменување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош-Скопје (разрешување членови согласно закон), со Заклучок за објавување,

33. Решение за изменување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје (разрешување членови согласно закон), со Заклучок за објавување,
34. Решение за изменување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје (разрешување членови согласно закон), со Заклучок за објавување,
35. Решение за изменување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје (разрешување членови согласно закон), со Заклучок за објавување,
36. Решение за изменување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје (разрешување членови согласно закон), со Заклучок за објавување,
37. Решение за изменување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје (разрешување членови согласно закон), со Заклучок за објавување,
38. Решение за изменување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош-Скопје (разрешување членови согласно закон), со Заклучок за објавување,
39. Решение за изменување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош-Скопје (разрешување членови согласно закон), со Заклучок за објавување,
40. Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2019 година до 30.06.2019 година, со Заклучок за објавување,
41. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2019 година, со Заклучок за објавување,
42. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2019 година, со Заклучок за објавување,
43. Одлука за објавување на оглас за доделување Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2019/2020 година, со Заклучок за објавување,
44. Одлука за определување финансиска поддршка на ФУДБАЛСКИ КЛУБ ЛОКОМОТИВА БЕНТОЕКСПОРТ, со Заклучок за објавување,

45. Одлука за определување финансиска поддршка на Карате Клуб КАРПОШ, со Заклучок за објавување,
46. Одлука за определување финансиска поддршка на ОДБОЈКАРСКИ КЛУБ СИТИ ВОЛЕЈ СЛАВКОВ, со Заклучок за објавување,
47. Одлука за определување финансиска поддршка на Ракометен клуб ШАМПИОН, со Заклучок за објавување,
48. Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на проектот „Меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол“, со Заклучок за објавување,
49. Одлука за давање приоритет за искористување на ГРАНТ средства од кредитот за набавка на комунални возила и друга комунална опрема за потребите на Општина Карпош со ГРАНТ средства во рамки на проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP), со Заклучок за објавување,
50. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини на територијата на Општина Карпош, со Заклучок за објавување,
51. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за реконструкција на дел од ул.„Загребска“ и за изградба на ул.Новопроектирана, со Заклучок за објавување,
52. Одлука за прифаќање донација од Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со Заклучок за објавување
53. Заклучок по Заклучок по Предлог-Одлука за определување на финансиска помош за санација на дел од опожарен стан на Војо Ѓорѓевиќ, со Заклучок за објавување,
54. Одлука за определување финансиска помош на семејството на починатата Каролина Трифуновска, со Заклучок за објавување,
55. Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на дел од опожарена куќа на Вукашин Мојсовски, село Бардовци, Општина Карпош Скопје, со Заклучок за објавување и
56. Одлука за воведување продолжен престој за учениците од четврто одделение во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, со Заклучок за објавување.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**